**20202583373**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 октомври 2020 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ДАВАЧКА - ЦАРИНСКАТА СТАПКА ЗА ЗАМРЗНАТО СВИНСКО МЕСО И СВИНСКО САЛО ИСЧИСТЕНО ОД МЕСО И ЖИВИНСКО САЛО, НЕИСТОПЕНИ ИЛИ ПОИНАКУ ИЗДВОЕНИ, СВЕЖИ, РАЗЛАДЕНИ, ЗАМРЗНАТИ, СОЛЕНИ, ВО САЛАМУРА, СУШЕНИ ИЛИ ЧАДЕНИ**

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозните давачки-царинската стапка при увоз на следните стоки во следните количини:

| Тарифна ознака | Наименование | Количина (во кгр.) |
|---|---|---|
| 0203 | Месо свинско | |
| | -Замрзнато: | |
| 0203 22 | --Бутови (шунки), плешки и парчиња од нив, со коски: | |
| | ---Од домашни свињи: | |
| 0203 22 11 00 | ----Бутови (шунки) и парчиња од нив | 3.000 |
| 0203 29 | --Друго: | |
| 0203 29 13 00 | ----Грб и парчиња од него, со коски | 44.000 |
| 0203 29 15 00 | ----Гради со потрбушина (потрбушина) и парчиња од нив | 423.000 |
| | ----Друго: | |
| 0203 29 55 00 | -----Без коски | 2.534.000 |
| 0209 | Свинско сало, исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени: | |
| 0209 10 | -Од свињи: | |
| | --Поткожно свинско сало: | |
| 0209 10 11 00 | ---Свежо, разладено, замрзнато, солено или во саламура | 155.000 |

Стоките од ставот 1 на овој член, корисниците-регистрирани производители на преработки од месо ќе ги увезуваат без плаќање царина во рамки на утврдените количини, од став 1 на овој член во висина од 1/4 од вкупно употребените суровини во производството, фактурираната и наплатена количина на готови производи во кои како суровина се користени стоките од став 1 на овој член во претходната година.

Член 2

За остварување на правото од член 1 на оваа одлука кон царинската декларација се поднесува:

- Решение од Централен регистар на Република Северна Македонија од кое може да се види дека корисникот е регистриран производител на преработки од месо и
- Мислење од Стопанската комора на Македонија за исполнување на економскиот услов остварено производство, фактурирана и наплатена количина на готови производи во кои како суровина се користени стоките од член 1 став 1 на оваа одлука во претходната година.

Член 3

Стоката од член 1 на оваа одлука која е ставена во слободен промет останува под царински надзор. Царинскиот надзор престанува кога престануваат условите поради кои стоката е ставена во слободен промет со намалување на увозните давачки односно со ослободување од царинските давачки, кога стоката се извезува или уништува, кога стоката е употребена за други цели кои не се пропишани во оваа одлука и кога царинските давачки се платени.

Министерството за финансии-Царинската управа на крајот на секој месец да доставува извештај до Министерството за финансии и Министерството за економија за спроведување на мерката согласно членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Стопанската комора на Македонија да доставува податоци до Министерството за економија и Министерството за финансии за издадени мислења согласно член 2 алинеја 2 на оваа одлука во рок од седум дена од денот на издавањето на истите.

Член 5

Стоките од член 1 на оваа одлука се увезуваат до 30 октомври 2021 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 ноември 2020 година.

Бр. 44-8618/1
20 октомври 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.